ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА **“ЦЕФТА – ЕДИНСТВЕНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА”**
12 ноември 20143 година Бечичи, Р. Црна Гора

1. Силна потреба за поврзување на регионот со воведување авио дестинации преку ниско буџетни компании.

2. Олеснување и поедноставување на процедурите за добивање визи за сите земји од регионот, со цел зголемување на бизнис соработката во туристичкиот сектор.

3. Подобрување на видливоста на туристичката понуда на ЦЕФТА регионот преку заеднички иницијативи кои ќе придонесат за развој на туризмот, а со тоа и на економскиот развој на целиот регион.

4. Да се работи на воспоставување на кумулативни статистички податоци за регионот, кои ќе послужат како основа за следење, анализа и понатамошно унапредување на заедничките туристички производи.

5. Неопходно е да се воспостави системот на сателитски сметки во туризмот во сите земји од ЦЕФТА регионот.

6. Континуираната едукација на вработените во туризмот е од исклучителна важност, со посебен акцент на практична настава, односно обука на туристички персонал во пракса.

7. Да се создаде рамка за иновативен пристап кон создавање на производи и услуги следејќи ги новите трендови и динамика во туризмот што ќе ги збогатат нашите туристички понуди, водејќи при тоа сметка за особеностите, спецификите и разликите на туристичкиот потенцијал во секоја земја од регионот поединечно.

8. Преку заедничка соработка, поттикнување на подобро искористување на фондовите и програмите на Европската Унија за создавање на нови заеднички проекти кои ќе придонесат за регионално поврзување и создавање нови туристички рути.

9. Интензивно да се работи на поголема застапеност на земјоделските производи во дејноста туризмот, како специфичен сегмент на препознатливост на туристичката понуда на регионот.

10. Без успешно, високо - квалитетно управување (менаџирање) на туристичките дестинации нема ни квалитетен туристичкиот производ, а сето тоа бара јасна визија, конкурентност на нашите туристички понуди и бара зајакнување на соработката меѓу приватниот и јавниот сектор.